

Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ е посветена на изградба на темелите и основата за енергетска стабилност во државата, како и сигурен и ефикасен енергетски систем за одржлив и модерен развој.

За разлика од минатите 7 години на нестручно и недомаќинско владеење на СДС и ДУИ со енергетскиот сектор кој доведе до девастација на електро енергетските капацитети и неколку кратно зголемување на сметките за електрична и топлинска енергија на граѓаните сега се поставени темелите за енергетска стабилност и независност.

Почна изградбата на гасоводниот интерконектор со Грција. Се градат 66,6 километри гасовод на македонска страна. Почетниот капацитет на гас е 1,5 милијарди кубни метри со потенцијал да се зголеми на 3 милијарди кубни метри. Вредноста на проектот е 60 милиони евра.

Проектот го реализира домашната компанија, времето на изградба на проектот е планирано да заврши за 22 месеца, а интерконекторот да биде готов во 2027 година.

Изградбата на гасоводот е капитална инвестиција за државата но преку реализацијата

на гасоводот се поврзуваме и со останатите земји во регионот и Македонија станува значајна енергетска крстосница, а конкретни придобивки освен регионот ќе имаат и македонските граѓани и компании.

Со овој интерконектор ќе имаме стабилно снабдување, но и пониски цени за граѓаните.

Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ има јасен план и стратегија за енергетскиот сектор во служба на Македонија и граѓаните. За зголемена енергетска ефикасност и сериозни повеќегодишни инвестиции во енергетиката со цел домашно производство на енергија  како гарант за конкурентност на македонската економија.

Ги градиме темелите на промените. Доаѓа времето на Македонија.